ЈКП „КОМУНАЛЕЦ“
Бр. 06-1455/1
28.07.2025 год.
ПРИЛЕП со Ц.О.

Врз основа на член 45 од Законот за Административни службеници (Службен весник на РМ бр.27/14,199/14,48/15,154/15,5/16,142/16 и 11/18), и ,,Службен весник на Република Северна Македонија “ број 275/2019 и 14/2020 ,215/21 , 99/22 и 208/24 )Директорот на ЈКП,,Комуналец” –Прилеп , ја донесе следната:

# О Д Л У К А

За избор на кандидат за административен службеник по објавен оглас бр.462/2025

1 За извршител на работното место КДР 01 02 В04 018 Помлад соработник за усогласување на сметки, Одделение за општи и правни работни, оддел за пример, Сектор за општи и правни работи, се избира кандидатот со идентификациски код 3FCB8DD Билјана Карапееска.

2 Именованиот ќе биде вработен на работно место од точка 1 на оваа одлука, по конечноста на ова одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување.

3.Оваа одлука ќе се објави на интернет страницата и огласната табла на Агенција за администрација.

4.Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На барање на ЈКП,,Комуналец” Прилеп на ден 11.06.2025 година, Агенцијата за администрација објави Јавен оглас бр.462/2025 во дневните весници Слободен печат, Вечер и Коха и на интернет страницата на Агенција за администрација, за вработување на административен службеник во ЈКП,,Комуналец” Прилеп.

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас формирана со решение бр.10-1319/3 од 23.06.2025 година ја спроведе постапката за вработување на административни службеници во ЈКП,,Комуналец”-Прилеп.

Согласно Записникот за извршена административна селекција за административните службеници бр.10-1319/4 од 01.07.2025 година, Записникот од спроведениот испит за административните службеници бр.10-1319/5 од 18.07.2025 година, Записникот од спроведената постапка проверка на веродостојноста на докази и интервју за административен службеник бр.10-1319/7 од 22.07.2025 година и Решението за изменување и дополнување на решението за формирање на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас бр.10-1319 од 18.07/2025 година, Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија, до ЈКП,,Комуналец”-Прилеп достави Предлог за вработување на кандидат бр.10-1319/8 од 22.07.2025 година примено и заведено во ЈКП,,Комуналец” Прилеп со бр.03-1443/3 од 28.07.2025 година по јавниот оглас бр.462/2025.ЈКП,,Комуналец”-Прилеп постапи во законски предвидениот рок за избор на кандидатот и согласно предлогот за вработување на кандидати по огласот бр.462/2025 година и согласно Законот за административни службеници, го избра кандидатот наведен погоре во одлуката.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова одлука, незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија , во рок од 8(осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на интернет страната и огласната табла на Агенцијата за администрација.

ЈКП„Комуналец"-Прилеп
Директор
Рубинчо Абрашоски

Доставено до:

-Агенција за админстрација (2)

-Именованата

-Оделение за човечки ресурси

-Архива

Изработил: Ѕвонко Ивчески